РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДОЈРАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 04-75/4
22 01 2021 год.
СТАР ДОЈРАН

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16,35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20 ), Градоначалникот на Општина Дојран, донесе, Градоначалникот на Општина Дојран, донесе,

# **ОДЛУКА**
## **за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по интерен оглас бр.03/2020 во Општина Дојран**

1.За извршител на работното место, Самостоен референт за оперативна подршка на активностите од областа на јавните набавки во Одделението за јавни набавки, по интерниот оглас бр. 03/2020, **се избира** кандидатот **Андреја Ангеловски,** вработен во општинската админстрација на Општина Дојран, распореден на работното место, Референт за Упатување на грагани/странки и обезбедување на непречено работење на опремата и инсталациите во општината, со звање Г3 – референт, Шифра УПР 01 01 Г03 000, помошно стручен административен службеник од трето ниво во Одделението за правни и општи работи, јавни дејности и управување со човечки ресурси.

2.Избраниот кандидат ќе биде распореден на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за распоредување.

3.Оваа одлука ќе се достави до кандидатот и ке биде објавена на интернет страната на Општина Дојран.

***Образложение***

Интерниот оглас бр.03/2020, со архивски број 04-1139/1 од 31.12 2020 година, за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Општина Дојран, за работно место: УПР 01 01 Г01 000, Самостоен референт за оперативна подршка на активностите од областа на јавните набавки во Одделението за јавни набавки, беше објавен на ден 11.01.2021 година на интернет страната на Општина Дојран и на интернет страната на Агенцијата за администрација.

Во благовремен рок, утврден со огласот до Општина Дојран, беше доставена 1(една) пријава. Комисијата за селекција за унапредување по Интерен оглас бр.02/2020, формирана од Градоначалникот на општина Дојран, со Решение Бр.04-75/2, од 18.01.2021 година, на ден 22.01.2021 година изврши административна селекција на пријавените кандидати и состави записник за административна селекција, бр.04-73/2.

По извршената административна селекција, Комисијата на ден 22.01.2021 година спроведе интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите, утврдени во интерниот оглас и кои влегоа во втората фаза од постапката. За спроведеното интервју со кандидатите, составен е записник со број. бр.04-73/3 и Финална ранг листа на интервјуираните кндидати со предлог-одлука за право на избор на прворангираните кандидати.

За работното место УПР 01 01 Г01 000, Самостоен референт за оперативна подршка на активностите од областа на јавните набавки во Одделението за јавни набавки, прворангиран кандидат е Андреја Ангеловски, вработен во општинската админстрација на Општина Дојран, распореден на работното место, Референт за Упатување на грагани/странки и обезбедување на непречено работење на опремата и инсталациите во општината, со звање Г3 – референт, Шифра УПР 01 01 Г03 000, помошно стручен административен службеник од трето ниво во Одделението за правни и општи работи, јавни дејности и управување со човечки ресурси.

Следствено нанаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на приемот на истата.

Изготвил,Дарко Качаков, Раководител на оддел. За правни и општи работи
Јавни дејности и управув. со човечки ресурси

**Градоначалник**
**на Општина Дојран**
**Анго Ангов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ДОЈРАН ОПШТИНА ДОЈРАН